Митко КОТОВЧЕВСКИ

УДК: 323.272
316.423.3

# СОВРЕМЕНИ ТЕОРИИ ЗА РЕВОЛУЦИИТЕ

## ПОИМОВНО-ТЕРМИНОЛОШКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕВОЛУЦИЈАТА

Етимолошки, зборот револуција потекнува од неолатинскиот збор „revolutio“ што означува извртување, повторно долетување, кружно движење. Зборот револуција во епохалното дело на Коперник – „De revolutitionibus orbium colestium“, издадено во 1543 година, се употребува за одбележување на кружното движење („пресвртување“) на небесните тела во исклучително ограничена – детерминирана функција на астрономски термин. Иако „астрономската употреба“ на терминот револуција претпоставува постоење на определена закономерност, и тоа нужна, апсолутна закономерност, овој термин употребен во овој контекст подразбирал и определени значења кој не биле неутрални во однос на општествената проблематика и состојби.

Корелацијата помеѓу терминот „револуција“ и општествените науки се појавува во определени расправи од XVII век, кога постепено добива и определен политички призвук и предзнак.

Првата употреба на терминот револуција на кој му се придава содржина сосема слична на современата, според една анегдота се случила на 14 јули 1789 година.[1]

Без оглед на фактот колку е вистинито ова тврдење на историчарите, значајно е дека по големата Француска буржуаска револуција овој термин конечно го прими своето политичко-социолошко и филозофско значење во новосоздадениот историски, културен и цивилизациски амбиент по кој Франција, Европа и светот нема повеќе да бидат она што беа дотогаш.

Револуцијата (револутион) претставува комплексен процес со голем број радикални и драматични епизоди на политичка промена. Со револуцијата, односно со револуционерните промени се врши отфрлање на некој воспоставен поредок. Во суштина, револуцијата

---

[1] 14 јули, 1789 година. Угледниот војвода Лианкур д'ла Рошфуко, сиот исплашен дотрчал пред кралот Луј XVI и го извести дека Бастилја е заземена.

„Но тоа е револт!“ остро рече кралот.

„Не, Сире, тоа е револуција!“ го исправи загрижениот Рошфуко.

претставува „отфрлање на некој воспоставен поредок, при што државната власт се пренесува од едно раководство на друго, често проследено со радикална реконструкција на општествените и економските односи.“[2]

Исто така, револуциите претставуваат „процеси што вклучуваат и конкуренција меѓу елитите и масовна мобилизација.“[3]

Значајно е да потенцираме дека револуциите не претставуваат единечни настани, туку процеси, уште попрецизно, револуциите се комплексни процеси во кои „централната власт на општеството ја губи способноста да ги применува своите закони врз голем дел од населението или територијата.“[4]

Во револуциите кои се продукт на долгогодишно, скоро незабележително таложење на нивните причини, различните инволвирани групи, вклучувајќи ја и претходната влада, жестоко се борат да се етаблираат – востановат како централен авторитет. Револуциите изгледаат како да се случуваат спонтано, иако имаат длабоки внатрешни и надворешни корени.

Борбата за власт на спротивставените страни најчесто се манифестира во форма на широка граѓанска војна, брз воен удар или долготрајна герилска војна со страотни последици, односно со голем број на човечки и материјални загуби. Но сепак, од аспект на полемологијата, постои разграничување помеѓу револуциите од појавите како што се бунтовите, востанијата, државните удари и слично.

Една од суштинските цели на спротивставените страни е создавањето на нови политички, а често пати и нови економски институции, со цел да се заменат старите – во функција на „радикална реконструкција на општествените и економските односи.“

Употребувајќи ја метафората за револуцијата како за болест, Бринтон на еден мошне сликовит начин го изрази ова стојалиште: „Ќе се повикаме дека револуцијата е вид на грозница... Во општеството, приближно во текот на една генерација пред избувнувањето на револуцијата, односно во стариот режим, можат да се најдат знаците за престојното заболување.

Строго земено, овие знаци не ги претставуваат сосема симптомите, бидејќи кога симптомите се потполно развиени, болеста е веќе тука. Овие знаци подобро е да се опишат како претходни знаци, наго-

---

[2] Маклин, М. (2002) Концизен оксфордски речник за политика.Скопје:МИ-АН.306 - 307

[3] Ibid: стр. 307.

[4] Милер, Д. (2002). Блеквелова енциклопедија на политичката мисла. Скопје: МИ–АН. стр. 371.

вестувања за проникливиот дијагностичар дека болеста е на пат, но дека сè уште не зела доволно замав за да биде болест. Потоа доаѓа период кога симптомите се манифестираат скоро во потполност и кога можеме да кажеме дека револуционерната грозница започнала. Болеста не се одвива правилно, туку низ напредување и заостанување, доаѓа до критична состојба, која често ја придружува делириум, владеењето на најснажните револуционери, владеење на теророт. После кризата настапува период на смирување, по правило придружуван со повремено враќање на грозницата. На крај, грозницата поминува и пациентот се повратува, можеби во нешто зајакнат со искуство, макар за некое време имун за сличен напад, но сигурно не преобразен во нов човек.“[5]

Трите карактеристични аспекти на револуцијата –распадот на државата, натпреварот меѓу аспирантите за централната власт и создавањето на нови институции не се јавуваат во јасно одделни фази и во конзистентен редослед. Исто така, тешко е да се открие почетокот и крајот на револуциите, додека историјата познава и периоди на револуционерни ситуации кои не завршиле со вистински револуции. Секој од потенцираните аспекти влијае врз другите, но и трпи влијание од другите аспекти на револуцијата.

„Распадот на државата која е резултат на банкрот или воен колапс може да доведе до борба за власт меѓу спротивставените аспиранти за власт; овој модел се случи во англиската, француската и руската револуција. Од друга страна, натпреварот за власт и градењето алтернативни институции може да доведе до распад на државата. Конкурентите за централната власт можат да започнат со организирање на своите следбеници и со создавање нови (паралелни, забелешка на авторот) институции прво во мал обем, за да ја предизвикаат и евентуално да ја отфрлат централната власт; кинеската и никарагванската револуција го следеа овој модел. Распадот на државата, натпреварот за централната власт и градењето нови институции така ја создаваат револуцијата, како конци на тапиserија или како атоми во еден молекул: тоа е независна комбинација на делови што ја сочинуваат целината.“[6]

Најистакнатите претставници на социологијата на револуциите (периодот помеѓу двете светски војни) Лифорд Едвардс, Џорџ

---

[5] Crane Brinton (1965). "The Anatomy of Revolution, revised and expanded edition". New York: Randon House. p.p.16-17.

[6] Милер, Д. (2002)., Блеквелова енциклопедија на политичката мисла. Скопје: МИ – АН. стр. 371.

Пети и Крејн Бринтон се обидоа да утврдат определени правилности во фазите низ кои поминува револуцијата, односно нејзиниот карактеристичен циклус или редоследот на фазите кој е типичен за револуционерниот процес.

Исто така, трите аспекти на револуцијата „може да се појават одделно или во делумни комбинации: распадот на државата без борба за централната власт се јавува во движења за сецесија, селански буни и урбани нереди; распадот на државата и натпреварот без обиди да се градат нови институции се појавува во династичките граѓански војни (на пр. Војната на розите); натпреварот и градењето институции се јавуваат без распад на државата во удари и блистички реформски движења.“ [7]

Суштинските разлики помеѓу револуцијата и другите видови политичко насилство и облици на примена на убиствена сила произлегува токму од вметнатата, претходно презентираната комбинација на сите три аспекти.

Во политички контекст, револуцијата е феномен што придонесува за значајна промена во постоечката влада и општеството. Но не секогаш, и не било која политичка промена претставува револуција. За илустрација, кога после определен државен удар на власт доаѓа определена група на водачи и во ситуација кога државата или општеството се (по)малку засегнати од тоа дејство (чин), не се случува револуција, односно владата која на таков начин дошла на власт, не може да се нарече револуционерна влада.

**Револуциите по својата природа се насилни, но политички мотивираното насилство не е исто што и револуција.** Иако таквиот вид на насилство може да послужи како средство за постигнување на револуционерни цели, исто така, може да биде (да претставува) манифестација на социјалното незадоволство (штрајкови, буни и демонстрации) или владин страв и несигурност (прогонства, „исчезнувања“ на луѓе и рации насочени кон поттиснување на опозиционерските активности). **Според овие констатации сите револуции (со исклучок на новите инстант револуции – кадифени, портокалови – „багер“ итн.) се насилни, но не сите насилства се револуционерни.**

Пред 1789 година, зборот револуција го имаше она значење што беше поблиску до неговото буквално значење – „враќање на претходната состојба на нештата.“ Во Француската револуција се појави едно ново значење на терминот „револуција“, односно, новото-модерно значење на терминот „револуција“ му го одзеде ме-

[7] Ibid: стр. 371.

стото на неговото претходно значење – терминолошко определување.

Наместо да се претставуваат како поборници што го остранувaат привременото застранување и „оние“ кои го враќаат традиционалниот ред („враќање на претходната – првобитната состојба на нештата“), водачите на Француската револуција сакале да го дискредитираат целиот режим и да создадат – да отпочне нова ера на политички и општествени револуции што би значело почеток на едно ново време.

Од отпочнувањето на Француската револуција во 1789 година, идејата за „револуција“ добива модерен и суштински различен контекст од претходниот. Новата идеја за „револуцијата“ почнала да значи не само опозиција на тиранијата, туку воспоставување на целосно нова организација на општеството со што би отпочнал и процесот на создавање на едно ново време – нова епоха. Француската револуција во суштина била буржуаска револуција која ги отворила проблемите на падот и заменувањето на постарите форми на општествена организација. Овој став ќе постане доминантен во размислувањата на двата највлијателни мислители на револуцијата на деветнаесеттиот век – Маркс и Токвил.

Во тој период се промовира и идејата дека револуцијата е потребен агенс за промена и дека ваквата промена води кон поголема слобода, од што произлегува дека револуциите се прогресивни и корисни. „Ако Маркс инспирирал традиција што ја гледа револуцијата како прогресивна и корисна – „локомотива на историјата“, Токвил инспирирал предострожност, забележувајќи дека револуцијата често ја зајакнува силата на државата наместо да ја ослабне.

Во подоцнежната револуционерна практика, предострожноста на која инспирирал Токвил се покажала мошне оправдана бидејќи „револуционерните држави“ – револуционерните режими знаеле да здиваат, да се отргнат од општествената контрола и да продуцираат огромни бранови на неконтролирано „револуционерно насилство.“

Повторувајќи го песимизмот на Токвил, Вебер стравувал дека историјата води кон раст на незаменлива и неуништива биократска држава што поединците би ги сместила во „железен кафез“ на биократското владеење.

Во овој контекст, Фројд изнесува едно интересно тврдење според кое револуционерните толпи дејствуваат нерационално, оставајќи чувства на немоќ и незадоволство со што се приврзуваат за еден водач и го следат каде и да ги води. Исто така, Ле Бон конкретно се занимавал со насилството на револуционерните толпи и револуцио-

нерното насилство го препишувал на масовната дезориентација и нерационалност.

Најистакнатите претставници на социологијата на револуциите – Лифорд Едвардс, Џорџ Пети и Крејн Бринтон се обидоа да утврдат определени правилности во фазите низ кои минува револуцијата, односно да ги утврдат прашањата на периодизацијата, фазите и динамиката на револуционерниот процесс. Овие автори се обидуваа да докажат дека тие фази се „природни" за секоја револуција.

За разлика од Бринтон кој на еден мошне сликовит начин ја употреби метафората за револуцијата како болест, вид на грозница, Едвардс го истакнува стојалиштето дека секоја револуција започнува со одрекување (откажување) на лојалноста на интелектуалците кон стариот режим и со пренесувањето на оваа лојалност на новиот тип општество кое допрва ќе треба да се востанови. Самата револуција претставува облик на реинтеграција на општеството кое не го карактеризира слабеење, туку постепено јакнење на владата. Паѓањето на стариот режим доведува до поголема раздвиженост, до краткотраен период на ширење на оптимизмот, до намалување на бројот на конвенционалните облици на престапи. Во овој период во редовите на револуционерите се истакнуваат радикалите, кои благодарение на својата обединетост и предаденост кон идеалите стекнуваат контрола над владата и владеејќи насилно, ги остваруваат поставените цели. Понатаму следи познатиот период на террор во кој животите на луѓето постануваат безначајна ставка во настојувањата да се создаде нов тип на општество и влада. Конечно, бидејќи човековата природа не е во состојба да ја поднесе интензивноста на овој период, доаѓа до повторно враќање на нормалната состојба, често под истите управувачи како и пред револуцијата.

Иако и Бринтон и Пети развија слично „сценарио" по примерот на Француската револуција, сепак тие беа повнимателни во укажувањето на разликите помеѓу францускиот образец и искуствата на англиската, американската и руската револуција. Во овој контекст, значајно е да се потенцира дека ниту во англиската, ниту во американската револуција не дојде до поголеми промени во класната структура на општеството, како што на англиската револуција не и претходеше „дезертерство" на интелектуалците, ниту дојде до владеење на теророт. Исто така, американската револуција не означува победа на крајната струја, ниту терор, термидор или појава на диктатор кој воспоставува поредок.

Иако Бринтон, Едвардс и Пети се обиделе да ја развијат „природната историја на револуциите" што укажувала на повторливи

секвенци на настаните, со извесен успех, се потврдило дека секоја револуција и покрај определените „закономеритости“ кои неизбежно и историски ги следи, сепак таа претставува „приказна за себе“ со голем број на специфики, со посебна генеза, односно посебни корени на нејзиното projавување и манифестирање. Тие во своето учење сепак многу малку кажале за тоа зошто се појавуваат револуциите, односно кој се суштинските причини за нивното континуирано пројавување низ историјата. Нивната заслуга е во тоа што укажале дека поимот револуција може да се определи само со посредство на поимот на големите револуции, односно преку темелните промени во структурата, политичкото уредување и вредностите на едно општество.

За разлика од своите следбеници, тие подвлекувале дека се занимаваат само со големите револуции, а не и со појавите кои потсеќаат на револуцијата само по некои периферни обележја (бунтови, немири, државни удари и слично).

## УЧЕЊЕТО НА ЧАЛМЕРС ЏОНСОН ЗА РЕВОЛУЦИИТЕ

Најјасно на револуцијата и „пристапил“ Чалмерс Џонсон, потпирајќи се на Парсоновиот тип на функционална анализа и на системската анализа на општествениот и политичкиот живот. Во својата анализа Џонсон тргнува од претпоставката дека општеството е отворен систем во состојба на рамнотежа, при што и самиот тој систем повратно влијае на својата околина на начин кој овозможува да се одржи неговата стабилност. За да функционира системот нормално, мора да бидат задоволени определени функционални предуслови, суштински варијабли или потреби. Сè додека постои определен степен на усогласеност и хармоничност, односно сè додека вредностите на овие суштински варијабли се движат во рамките – границите кои се неопходни системот да функционира, системот се наоѓа во состојба на рамнотежа. Со продуцирањето на определени промени во поширокaта средина, се менува и системот, со основна цел, да бидат задоволени функционалните предуслови. Кога условите во околината на системот до тој степен – до таа мера ќе се променат што тој повеќе не ќе биде во состојба да се промени, односно да се прилагоди (кога вредноста на суштинските варијабли ќе се спушти под неопходните вредности), општествениот систем не е повеќе во рамнотежа. „Новата“ состојба на нерамнотежа на општествениот систем претставува неопходен предуслов за револуција.

Нерамнотежата во општествениот систем произлегува од дијахронијата помеѓу општествените вредности и општествената поделба на трудот, која го сочинува едниот од елементите на средината на општествениот систем. Системот кој е во состојба на нерамнотежа може да се одржи со употреба на сила (воспоставување на полициска држава) или во него неминовно доаѓа до структурни промени.

Во овој вид на „разнишани" општества кои се изместени од својата рамнотежа, можни се два облици на промени: конзервативна промена која ја поттикнува и спроведува владеачката елита, или револуционерна промена која е дело на општествените групи надвор од власта.

Со соодветна конзервативна промена може да се избегне револуцијата (пример на ваков модел на политика е Рузвелтовата политика на „wu dil").

Успешноста на конзервативните промени зависи од фактот во која мера владеачката елита ги познава општествените услови (посебно критичките фази, состојби и тенденции) и колку е способна и подготвена да ги определи вредностите кои се неопходни за спроведување на континуитетот во функционирањето на едно општество и култура. Довербата на оние кои не се директно спротивставени на владеачката елита, може единствено да се одржи само со успешно спроведување на конзервативните промени. Џонсон смета дека на овој начин постои определена можност да се избегне (или да се пролонгира) револуцијата, односно нејзиниот почеток може да се избегне ако се создаде поволен општествен амбиент во кој ќе може да се остварат творечките потенцијали на постоечка политичка организација на општеството.

Исто така, Џонсон и Смелсер тврделе дека не само очекувањата на поединците туку и координацијата на општествените институции – политички, економски, образовни и културни, се фрла во неред преку тенденцијата одделни сектори да се модернизираат побрзо од другите. Според функционализмот, општеството се наоѓа во состојба на постојан, саморегулативен еквилибрум, а револуциите ги смета за длабоко анти социјални, она што Џонсон во своето дело (Револуционерна промена) го нарекува нефункционално – настани што мора да се избегнат.

Значи според учењето на Џонсон постојат две подлабоки причини за отпочнувањето на револуцијата. Прва причина е нерамнотежата на општествениот систем, чија посебно важна карактеристика претставува слабеење на авторитетот, односно моќта на ак-

туелната власт. Втората причина претставува слабеење, односно забрзано еродирање на авторитетот на носителите на власта предизвикан било од неподготвеноста на властодршците да ја изведат неопходната конзервативна промена, или пак неуспехот на таа проектирана промена.

Покрај овие два неопходни, суштински длабоки причини за револуција, Џонсон укажува уште една конечна или непосредна причина за револуција – причина која неминовно го забрзува избувнувањето на револуцијата, односно доведува до нејзиното отпочнување. Заради оваа улога, конечната причина Џонсон ја нарекува акцелератор – забрзувач, подвлекувајќи дека нејзиното дејствување најчесто е иницирано од некој случај – пламен кој конечно ќе го запали „револуционерниот оган“. Акцелераторите и ја одземаат на елитата нејзината главна потпора врз системот за принуда (на пример, избувнувањето на бунт во војската) или во редовите на револуционерите го развиваат чувството на сигурност, самодоверба или нивна верба дека располагаат со средства со кои ќе ја оневозможат владеачката елита да има контрола врз нејзините средства за присила.

Со оглед на својата комплексност и научен пристап, Џонсоновата теорија на револуцијата претставува важен момент во теоретското проучување на револуцијата како општествена појава. Акцентот на своите проучувања Џонсон го става врз причините кои предизвикуваат нерамнотежа и пропаѓање на општествените системи. Неговата теорија го симболизира и првиот најширок обид за промена на теоријата на општествениот систем во проучувањето на револуцијата. И покрај определените слабости и недоследности (не утврдил валидни мерила за нерамнотежата и рамнотежата, односно не ги прецизирал значајните варијабли на општествениот систем кои ги определуваат нивните критични граници), неговата теорија е вредна за проучување, бидејќи во своето учење остава многу малку простор за она што е лично и единствено. Најважно е тоа што нејзиното појавување предизвика нов бран на современи проучувања на револуцијата и на причините за нејзиното појавување и тоа од повеќе аспекти и научни стајалишта.

## УЧЕЊЕТО НА СМЕЛСЕР ЗА РЕВОЛУЦИИТЕ

Нил Смелсер го направи првиот обид Парсоновите идеи да ги развие и во областа на проучувањето на револуциите. Тргнувајќи од

Парсоновото сфаќање за општествениот систем и општата теорија на акција кои што ја развија Парсонс и Шилс, Смелсер ја изгради теоријата на колективното однесување.

Додека Џонсон се обиде да ја изгради теоријата на револуцијата, Смелсер ја развиваше теоријата на колективното однесување, а револуцијата според него е еден од облиците на колективното однесување.

Според Смелсер,[8] колективното однесување е неинституционализиран облик на мобилизација за акција која треба да ублажи еден или повеќе видови на општествени напнатости врз основа на определени општоприфатени верувања. За елаборација на овие тврдења, Смелсер има дефинирано пет основни типови на колективно однесување: паника, помодни лудости (crazy), изливи на насилство, нормативно ориентирани движења (движења на општествени реформи), вредносно ориентирани движења (политички и верски револуции, создавање на секти, националистички движења итн).

Револуцијата не ја сочинува само еден од облиците на вредносно ориентираното однесување, туку може да претставува облик на нормативно ориентирано однесување (во ситуација или општествен амбиент кога таа е заснована на незадоволството со определената политика, закони и обичаи), или може да има облик на излив на непријателства (државни удари).

Шестте основни детерминанти на колективното однесување, но и облиците на револуционерното однесување се следните: структуралните погодности (општествениот систем мора да има карактеристики кои овозможуваат пооделни облици на колективно однесување): структурална напнатост, односно ситуациите кои предизвикуваат различни облици на колективно однесување (стварната или очекуваната економска депривација доведува до излив на непријателство, појавата на реформистички движења, избувнување на револуции); развој и ширење на општите верувања; фактори кои го забрзуваат и непосредно го поттикнуваат колективното однесување (preciptiating factors) – станува збор за факторите кои ги забрзуваат различните облици на колективно однесување слично со акцелераторите што ги потенцира Џонсон; мобилизација на учесниците за акција и општествена контрола (која може да ги ограничува структуралните погодности за колективното однесување, а кога доаѓа до ситуација колективното однесување да ги попречува неговите облици).

---

[8] Види поопширно: Smelser, N. (1963) Theory of Sollestive Behavour. New York:Free Pres. p.1-22.

Од учењето на Смелсер може да се издиференцираат следните појдовни основи кои ги детерминираат условите неопходни за избувнување на три различни облици на револуција. Трите облици на револуции „неизбежно“ одговараат на трите Смелсерови облици на колективно однесување:

1. револуционерен државен удар – можно е да се изведе во општествен амбиент кога во државата „егзистира“ слаба влада која е соочена со противници кои се залагаат само за промена на личностите кои што се на власт;
2. реформистичка револуција – веројатно може да се случи во општества во кои делува јако реформистичко движење кое е соочено со слаба, но непопустлива влада;
3. радикална револуција – веројатноста да се случи е поголема ако постојат исти услови како и за реформистичката револуција или во амбиент кога реформистичкото движење потклекнало пред непомирливата – непопустлива и јака влада, претворајќи се подоцна во вредносно ориентирано, радикално движење кое и се спротивставува на владата чија моќ неминовно почнува да слабее и да се еродира.[9]

И теоријата на Смелсер заради определени слабости наиде на определени критики на научната заедница како теорија полна со таутологија и тривијалност, без можност да ги осветли стварните емпириски револуции – теорија што нуди скромна ограничена помош во разбирањето на конкретните револуции.

## СОВРЕМЕНИТЕ СФАЌАЊА ЗА РЕВОЛУЦИЈАТА

### Учењето на Хантингтон за револуциите

Главен претставник на политичкото објаснување на револуцијата помеѓу современите претставници е Самјуел Хантингтон. Во својата книга „Политичкиот поредок во општествата кои се менуваат“[10]. Хантингтон го презентира својот став според кој револуцијата е појава од политички карактер.

Револуцијата сфатена како чисто политичка појава Хантингтон поблиску ја определува како нагла, темелна и насилна вна-

[9] Види поопширно: Freeman. review Article: Theories of Revolution. pp. 343-344.

[10] Huntington, S. (1968). Political Order in Changing Societies, New Havlen, Yale University Press.

трешна промена во преовладувачките вредности и мотиви на општеството, во неговите политички институции, општествената структура, водството и активностите на политиката на владата.

Секогаш кога се залага за размислување (правење разлика) помеѓу востанијата, бунтовите, државните удари, војните за независност и слично, Хантингтон своите појдовни стојалишта ги засновува врз големите револуции. Револуциите сфатени во овој контекст се мошне ретки и тие се сретнуваат во модерното доба и во модерните општества. Ако револуцијата претставува аспект на модернизација на традиционалното општество, тогаш таа не е универзална категорија.

Според Хантингтон, до револуции не доаѓа во крајно традиционалните општества кои се одликуваат со низок степен на општествена и економска сложеност, како што до револуција не доаѓа во сосема модерните општества. Револуцијата првенствено избувнува во општествата кои достигнале определено ниво на општествен и економски развој, но во кои процесите на политичка модернизација и политички развој заостануваат зад процесите на општествените и економските промени. Според него, суштината на револуцијата е во наглото ширење на политичката свест и мобилизација на нови групи кои постоечките институции не се во состојба да ги апсорбираат. Револуцијата од овој аспект претставува краен случај на експлозија на политичката партиципација. Во втората фаза на револуцијата ќе биде неопходно да отпочне процесот на институцинализација на новиот општествен поредок кој ќе биде во состојба да ја асимилира експлозијата на политичката партиципација.

Револуцијата според Хантингтон подразбира брзо и насилно уништување на постоечките политички институции, политичка мобилизација на новите групи и создавање на нови (стабилни и авторитативни) политички институции. Редоследот и односот помеѓу овие три фази се разликуваат во стварните револуции: Имајќи ги предвид односите помеѓу овие три фази можеме да издиференцираме два облици на револуција. За т.н. западен модел на револуции (Француската, Руската, Мексиканската и Кинеската револуција во својот прв период), карактеристичен е следниот редослед на фазите:

- распад на политичките институции на стариот режим
- политичка мобилизација на нови групи и
- создавање на нови политички институции.

Источниот модел, (односно подоцнежните фази на Кинеската револуција, Виетнамската револуција, Антиколонијалните револуции), започнува со политичка мобилизација на нови групи и созда-

вање нови политички институции, а се завршува со насилно исфрлување на политичките институции кои што им припаѓаат на стариот политички поредок.

Редоследот на претходно потенцираните фази во „западниот модел" на револуции според Хантингтон е појасно разграничен, додека во „источниот модел" на револуции фазите се случуваат повеќе или помалку истовремено, без некое појасно разграничување. Клучната разлика се состои во тоа што во „западниот модел" политичката мобилизација е последица од пропаста на стариот режим, додека во „источниот модел" на револуции, политичката мобилизација е причина за соборување на тој режим.

За да дојде до револуција неопходно е да постои повеќе од една револуционерна група (секоја општествена класа која што не е вклучена во политичкиот систем потенцијално е револуционерна), односно во суштина револуцијата подразбира отуѓување на повеќе општествени групи од постоечкиот поредок. Револуцијата е продукт на повеќестраната дисфункција во општеството, така што самото поврзување на групите може да произведе револуција.

Според Хантингтон, револуцијата во земјата која се модернизира зависи од тоа во која мера градските средни слоеви (интелектуалците, занаетчиите, буржуазијата) и селанството се отутѓени од постоечкиот поредок и во која мера во борбата за исти цели се здружуваат против заедничкиот непријател.

Спротивставувањето на дел од интелегенцијата на постоечкиот поредок, според Хантингтон предизвикано е од психолошката несигурност, личната отуѓеност, чувството на кривица и преовладувачката потреба за посигурно чувствување на идентитетот.[11]

Второто важно прашање што го иницира Хантингтон е дилемата дали е можна револуција во високоразвиените, индустријализирани општества. Според него, во сосема развиените, модерни општества, нема изгледи за избувнување на револуција. Револуцијата е можна во општествата во кои процесите на политичка модернизација и политички развој заостануваат зад процесите на општествените и економските промени, додека во високоразвиените капиталистички општества, кои достигнале определен степен на политичка модернизација и политички развој и кој се во состојба да ги апсорбираат новите општествени групи во својата институционална мрежа, изгледи за револуција не постојат (но не значи дека во некои

[11] Види поопширно: Huntingtnon, S. (1968). Political Order in Changine Societes. New Haven: Yale University Press. p. 371.

радикално видоизменет општествен амбиент – овие општества ќе останат имуни на новите револуционерни предизвици – забелешка на авторот).

Сите револуции не создаваат нов политички поредок, додека основен критериум – мерило за „револуционерноста" на една револуција се брзината и обемот на проширување на политичката партиципација. Исто така, мерило за успешноста на една револуција е авторитетот и стабилноста на институциите што таа ги создала.

И Хантингтоновата теорија на револуцијата има свои недоследности и слабости (револуцијата не може да се изведе исклучиво од политичките фактори), така што Едвард Малецки неговата теорија метафорично ја нарече вид на неохегелијанизам,[12] бидејќи според таа логика кога општеството ќе дојде до фаза на потполн развој на модернизацијата, доаѓа до крај на развојот, до исцрпување на политичките идеи, до крај на идеолошката криза, па потоа и до крај на револуцијата. Во суштина, станува збор за еден став кој е мошне близок до познатите идеи на Бел и Липсет за крајот на идеологијата, или преведена со вокабуларот на неохегенијалците, а и на Хантингтон, машинеријата на револуцијата постанува непотребна бидејќи ќе нема што да прави повеќе (судирите во индустриските општества може лесно да се решат со употреба на биократските политички институции, односно според овие автори проблемите се дефинираат само како техники). Конечно, според овој модел на Хантингтон, револуциите се, односно ќе бидат „привилегија" на државите во развој.

Денес, во современите развиени капиталистички општества се поприсутните различни облици на немири, демонстрации, незадоволства и насилство сè повеќе ги доведуваат во прашање теориите и неохегелијанските модели за развој на општествата во модерната политичка наука.

Теориите од овој вид биле прилично влијателни, но набрзо се појавиле и некои корекции на истите. Така на пример Тили забележал дека „поединците кои се неорганизирани и немоќни, без разлика колку се незадоволни, нема да се дигнат на револт. Нагласувајќи го натпреварот за власт што ја одбележува револуцијата. Тили тврдел дека револуцијата е можна само кога спротивставените аспиранти за власт се појавуваат и кога имаат ресурси ефективно да притискаат за своите барања. Модернизацијата може да поттикне револуција, но со редистрибуција на ресурсите и со порастот на новите групи што са-

[12] Malecki.E.(1973).„Theories of Revolution and Industrialized Societies", journal of politics 4, rr.948-985.

каат да дојдат на власт, а не со дифузното незадоволство кај поединците.“[13]

**Споредбено – историска анализа на учењето за револуцијата**

Овие теории и покрај своите слабости биле прилично влијателни, но брзо се појавиле и некои корекции на нивните основни стојалишта, истовремено создавајќи услови да се лансираат и нови студии за револуциите. Тоа беше неминовно бидејќи првите социолошки проучувања на револуцијата од страна на Едвард, Пети и Бринтон претставуваа обид да се изврши генерализација, односно воопштување на процесот на револуцијата врз основа на проучувањето на неколкуте случаи на револуција.

Отфрлувајќи го нивниот пристап како премногу историски, односно несоциолошки, истражувачите на револуциите во подоцнежниот период ќе настојуваат своите истражувања да ги фундираат врз проучувањето на поголем број случаи со цел да се постигне поголема научна и методолошка заснованост и примена на статистичките анализи. Во овој контекст, револуцијата е единствено можно да се проучува како посебен вид на пошироките општествени појави. Оваа идеја за начинот на проучување на револуциите за прв пат ја презентираше и ја разви Сорокин помеѓу двете светски војни. Неговите истражувања се засноваа на изучувањето на голем број случаи на внатрешни немири во подолготрајни временски периоди.

Истата замисла беше имплементирана и во современите проучувања на внатрешните војни. Во зборникот „Внатрешна војна“[14], Хари Екстајн потенцира дека внатрешната војна не е исто што некои други поими кои што се во широка употреба (револуција, граѓанска војна, бунт, востание, герилска војна, жакерија, државен удар, тероризам и сл). Според овој автор, внатрешната војна претставува род, а другите наведени појави претставуваат негови видови, со што внатрешните војни би се разгледувале како целина, додека споредбените категории (индикаторите за утврдување на разликите) се воведуваат кога ќе постанат неопходни, со што се создава можност за развивање на општи теории. Во исто време се зголемува веројатноста, дека утврдените разлики ќе бидат валидни и прецизни, научно засновани и да се овозможи и воведување на опис на посебните случаи.

[13] Милер, Д.(2002). Блеквелова енциклопедија на политичка мисла. Скопје: МИ – АН. стр.373.

[14] Eckstein, H.(1964).Ed. Internal War. New York: Free Press. p. 10.

Во овој период се објавуваат повеќе студии кои со продлабочено проучување на граѓата за пооделни револуции или поголем број од нив, настојуваат да презентираат некои општи заклучоци, во секој случај не давајќи ги во облик на крути модели кои би важеле за сите револуции или сите облици на немири и бунтови во човечкото општество. Овој модел на продлабочено проучување на историјата на револуцијата (history–in–depth approach) позната е како споредбена историја на револуцијата. Овој методолошки приод во проучувањето на револуцијата ќе го елаборираме преку елаборирање на најзначајните студии кои мошне успешно и на еден репрезентативен начин го претставуваат овој презентиран пристап.

Во светлината на овие учења на самиот почеток ќе ги потенцираме размислувањата на Барингтон Мур презентирани во неговта студија „Општествените корени на диктатурата и демократијата“.[15]

Според неговите анализи постојат три обрасци за премин од традиционално општество, според анализите на искуствата од повеќе држави на Исток и Запад.

Првиот образец води преку буржуаска револуција до капитализам и демократија од западен тип (Англија, Франција и САД), чија граѓанска војна според Мур претставувала револуција предизвикана со политичката инкомпатибилност на ропството и капиталистичкиот демократски поредок.

Вториот образец во кој буржуаската револуција доживува неуспех, води во капитализам со слаби демократски обележја (Германија и Јапонија) кои поминуваат низ периодот на фашизам.

Третиот образец води преку големи селски револуции до комунистичките режими во кои се спроведува присилна модернизација на општеството (Советскиот Сојуз и Кина).

Кон овие три основни обрасци, Мур потенцира уште еден образец во кој и покрај тоа што е воспоставен систем на парламентарна демократија, поттикнувањата во правец на модернизација на општеството се слаби бидејќи не се случила ниту буржуаска, ниту селанска револуција (Индија).

Избувнувањето или неуспехот на револуцијата, како и нејзиниот посебен карактер Мур, ги смета клучни за соодветните видови на општествен развој – демократски капиталистички режими, авторитарни и фашистички режими, комунистички режими итн.

---

[15] Barrington, M, Jr. (1966). Social Origins of Dictatorship and Demokracy. Lord and Pesant in the Making of the Modern World, Boston: Beacon Press.

Револуцијата во суштина претставува одлучувачка точка во историскиот процес и има значајни последици врз конкретните општества.

**Учењето на Скокпол за револуциите**

Од аспект на примената на споредбено-историскиот пристап, значајна и карактеристична е и студијата на Теда Скокпол „Државите и општествените револуции“.[16]

Скокпол во оваа најважна емпириска студија ги споредува револуциите во Франција (1788), Кина (1911) и Русија (1917). Авторот тврди дека во сите три случаи активностите на државите и неповолните позиции во кои се затекнале одиграле клучна улога за избувнувањето на револуциите. Според Скокпол револуцијата претставува макро историска појава која највалидно може да се истражува со примената на споредбено-историската анализа. Таа се обидува да докаже дека во тритте револуции има постоење на слични причински обрасци и покрај тоа што во многу сегменти се разликуваат, односно анализираните држави воделе политика која резултирала со намалување на нивната моќ, што неминовно доведе до ситуација определени класи да ја „рушат“ државата.

Иако класниот конфликт бил важен фактор во сите револуции, ниедна од револуциите не можеме да ја разбереме ако не ја анализираме улогата на државата како автономен актер. Сите три држави беа „империјални држави, значи диференцирани, централно координирани, административни и воени хиерархии кои функционирале под заштита на апсолутната монархија“. И покрај тоа што околностите што довеле до револуција биле различни, Скокпол тврди дека во нив „револуционерната криза почнала да се развива кога старите државни режими повеќе не можеле да одговорат на предизвиците кои ги наметнувала меѓународната ситуација“.[17] Скокпол заклучува дека „во три случаи... конечниот ефект на спротивставување на реформите што ги заговарала државата било паѓањето на монархистичката автократија и дезинтеграција на централизираната административна и воена организација на државата“.[18] Секој од овие три режими бил симнат од власта со комбинација на надворешни притисоци на други држави и начини на кои „аграрните односи на произ-

---

[16] Skocpol,T.(1979).States and Social Revolutions.Cambridge:Cambridge University Press. p.p.33-40.

[17] Ibid: pp. 33-40.

[18] Ibed: pp. 33-40.

водството и земјопоседничката владеачка класа ја нарушувале стабилноста на државните институции".

„Во сите три земји револуциите доведоа до рушење на старите режими, но тие порано или подоцна беа заменети со режими во кои власта била уште повеќе централизирана и кои имале поголема автономија отколку старите режими: Наполеоновиот режим во Франција и комунистичките режими во Кина и Русија. Скокпол говори дека станува збор за јасни примери на држави кои концентрирале моќ, а кои понекогаш превземале чекори за заштита на сопствените интереси, а не на интересите на различните групи на општеството".[19]

Делото на Скокпол е меѓу највлијателните понови теории за револуцијата, дело кое во голема мера ги критикуваше поранешните модели на редукционизам, иако и самиот автор падна на идентична замка со тоа што се фокусираше само на две главни причини за анализираните „големи револуции": политичката криза и селанското востание.

Нејзината „општествено-структурална" теорија се насочува на тоа како различни политички и општествени институции влијаат врз способноста на државите да се соочат со меѓународните конфликти. „Споредувајќи ги француската, руската и кинеската револуција таа забележува дека секоја револуција се појавила кога државата се соочила со понапредни капиталистички држави. Скокпол, исто така, забележува дека во секоја од овие земји има некоја комбинација на структурални слабости што ја ограничуваат земјата да одговори на меѓународните притисоци и затоа се создава потенцијал за револуционерна криза: неразвиено земјоделство што не може да издржува современа војска (Русија); автономни елити што можат да ги блокираат обидите да се подигнат даноците или да се поправи ефикасноста на државната администрација (Франција и Кина); или автономни села кои можат да се организираат за напади на земјопоседниците во случај на слабеење на централната власт (Франција и Русија)".[20]

Според сите основни премиси кои произлегуваат од делото на Скокпол неминовно се наметнува заклучокот дека „комбинацијата на воен притисок од економски поразвиените држави, структурал-

---

[19] Haralambos, M., Holborn, M. (2002). Sociologija, teme i perspective. Zagreb: Golden Marketing, str. 624.

[20] Милер, Д. (2002). Блеквелова енциклопедија на политичка мисла. Скопје: МИ-АН, стр. 374.

ните пречки за државните активности и селанската автономија што поттикнала ефективни селски востанија, произвеле револуции“.[21]

Нејзината структурална анализа се сосредотечи на решавачката и автономната улога што државата би можела да ја одигра во посредување меѓу групите.

Голдстон тврди дека теоријата на Скокпол треба да се комбинира со значајно внимание за ефектите на долгорочната економска и популациона политика. Тој забележува дека „додека меѓународните воени притисоци се скоро константен аспект на европската политика од 1500-1850 година (ништо не е поинакво ниту денес – забелешка на авторот), револуциите во овој период се појавиле во два наврати, од 1550 до 1650 и од 1750 до 1850. Забележувајќи дека и двата периоди за време на брз популационен раст, Голдстон укажува дека во густо населените пред-индустриски држави, брзиот раст на населението може да влијае врз стабилноста на цените, владините финансии, регрутирање на елитата и животниот стандард на населението“.[22] Во овој контекст, Голдстон констатира дека резултанта од комбинацијата на овие ефекти „може да создаде препреки за државната администрација и да ги интензивира конфликтите меѓу групите што се борат за власт и за статус, така зголемувајќи го ризикот дека рутинските војни или домашните војни ќе доведат до револуционерна криза“.[23]

Споредбено – историската анализа на револуциите развиени во студиите на Барингтон Мур и Теда Скокпол претставува еден од најплодните и најприфатливите пристапи во проучувањето на револуциите. Овој метод во областа на општествените науки и историјата значи обновување на еден нов, синтетички пристап во проучувањето на револуционерните промени.

„Модерното сфаќање на револуцијата“, со право констатира Хана Арент, „нераскинливо е поврзано со идејата дека текот на историјата одненадеж започнува одново, дека потполно новата историја, историја досега непозната и нераскажана, треба да почне да се одвива“.[24]

## „За револуцијата“ и Хана Арент

Во современите социолошки теории за револуциите, со својот критички противстав во однос на доминантниот начин на анализа на револуциите застапен во истите, како претставник на современата

[21] Ibid: стр. 374.
[22] Ibid: стр. 374.
[23] Ibid: стр. 374.
[24] Arendt, H. (1973). On revolution, harmondsworth: Penguin Books, p. 146.

социјална филозофија се издигнува Хана Арент. Според Арент, револуциите се нешто повеќе од успешните бунтови и не постои никакво оправдување секој државен удар или секој бунт, дворска завера или граѓанска војна да се именува како револуција. Тоа што во сите тие појави и во револуцијата се користи насилството – не е доволно овие појави да се изедначат.

„Насилството не е ништо повеќе погодно (поприфатливо) да се опише појавата на револуциите од промените: само таму каде што промената се случува во смисла на ново започнување, каде што насилството се користи да се воспостави (востанови) сосема поинаков облик на влада, да се предизвика создавање на ново политичко тело, каде што ослободување од покорувањето (обесправеноста) има за цел барем устав на слободата, можеме да зборуваме за револуција".[25]

Со оваа констатација Арент покренува едно суштинско прашање: Ако појавата на револуциите е нераскинливо поврзана со идејата на слободата, тогаш ниту сите големи револуции по своите општествени последици не се револуции, не се револуции во вистинска смисла на зборот.

Хана Арент, еден од најзначајните и навлијателните современи политички филозофи во своето дело „За револуцијата (1963), обидувајќи се да одговори на прашањето за суштината на револуцијата, таа во исто време се прашува што е тоа што ја прави револуционерната традиција, и колку таа традиција во својот првобитен, изворен облик сеуште е жива и влијателна. Според Арент, револуцијата често пати се сведувала само на едната нејзина страна, најчесто на насилството, што во ниеден случај не е доволно да се проникне во нејзината суштина. Анализирајќи ја на овој начин револуцијата, голем број на современи истражувачи во голема мера ги занемаруваат всушност овие значајни својства според кој таа значајно се разликува од другите облици на општествени промени, колективни акции, насилство. Во овие истражувања се исклучува едноставната вистина дека револуцијата претставува целосно преуредување на еден општествен поредок, на неговата политичка струкрура и систем на вредности.

Хана Арент токму го потенцира тоа, односно идејата за новините-новото што доаѓа, односно движењето од почетокот, главниот белег на револуцијата. Според Арент, „револуциите се единствени политички настани кои нас непосредно не соочуваат со проблемот на

---

[25] Ibid: стр. 25.

започнувањето“.[26] Овој феномен на започнувањето, неминовно се става во корелација со идејата за слобода. Всушност, првите две големи модерни револуции – Американската и Француската, се стремеа кон воспоставување на поредок на слободата, односно задоволување на настојувањето на луѓето кон и по слобода, нивната желба да се учествува во креирањето на јавниот живот. Исто така, видливо и очекувано е и нивното настојување и потреба да се почне одново во преуредувањето на општеството и политичките установи – крај на старото и почеток на новото со целосно и слободно учество на сите субјекти во јавниот живот, во креирањето на нивната иднина и иднината на нивното, ново општество.

Револуцијата повторно претставува најсјаен пример на човековата моќ слободно и промислено да ги поставува основите на еден потполно нов политички поредок. Значи, револуцијата треба да се изведува за воспоставување на поредок на слободата, а не да се изведува во име на слободата, а во суштина да воспостави поредок на неслобода. Во овој контекст според определбите на Хана Арент, можеме да говориме за два вида на револуции – револуции кои што воспоставуваат институции на слобода (constitution libertatis) и револуции кои воспоставуваат поредок на неслобода.

Кога ја анализира Американската револуција, Арент го потенцира необичното и плодотворно вкрстуваање на двете идеи – идејата на слободата и идејата на конзервативноста, идеи кои во подоцнежните револуции не ќе имаат ништо заедничко.

Овие две идеи во наредниот период ќе се претворат во антипод што ќе биде фатално за нивниот успех, односно ќе претставува еден мошне силно изразен фактор кој ќе го трасира патот кон нивниот неуспех и тотален крах.

Од Француската револуција наваму, револуцијата и конзервативноста престануваат да се надополнуваат и постануваат нешто што взаемно се исклучува: тие меѓусебно повеќе немаат ништо заедничко што неминовно го отвара процесот на почеток на нивниот „непредвилив“, но сепак неславен крај.

Исто така, Хана Арент потсетува на уште еден парадокс карактеристичен во размислувањата за револуцијата. И покрај фактот што Француската револуција беше неуспешна, и покрај искривоколчувањето на нејзиниот основен политички идеал на слободата, таа сепак ќе оствари одлучувачко влијание на подоцнежните револуции и на револуционерната традиција. Но според Хана Арент, Францус-

[26] Arendt, H.(1973). On revolution. Harmondsworth: Penguin Books, p. 21.

ката револуција завршила во неслобода и диктатура и тиранија, (за разлика од Американската револуција која беше и остана политичка), бидејќи била и социјална револуција – ослободување на народот од материјалната беда и сиромаштијата. Насилството и тиранијата во Француската револуција според Хана Арент биле „неминовна последица од неуспехот да се реши социјалното прашање".[27]

Критикувајќи ги ставовите на најголемиот теоретичар на револуциите – Морис во врска со слободата, а во тој контекст и неговото размислување на релацијата слобода-човек-револуција, ќе констатира дека не слободата, туку изобилството постана цел на револуцијата. Преобразувањето на правата на човекот во права на санкилоти претставуваше момент на пресвртница на само во Француската револуција, туку и на сите други наредни револуции. Нејзиното сфаќање за револуцијата и слободата не беше само антиподно на погледите на француските санкилоти и руските болшевици, туку нужно беше насочено против вообичаеното либерално гледање на оправданоста на установите на претставничката демократија и борбата на политичките партии. Тоа што ги обележува модерните партии е „нивната автократска и олигархиска структура, недостаток на внатрешна демократија и слобода, претпочитување на правото на непогрешливост[28] – нешто што и денес е актуелно како тенденција и во македонскиот партиски амбиент и начин на организирање и делување на политичките партии - партиска политика и живот. Со овие нејзини ставови денес безрезервно би се сложиле и „најзапалените" приврзаници на Марксовата и Лениновата доктрина.

И покрај голем број на недоследности и запаѓање во определени утопистички совети и мислења, најзначајна е нејзината критика на револуциите кои завршија во тиранија, како и критиката насочена кон теоретичарите на овие револуции. Сепак нејзината книга „За револуцијата" тешко дека ќе може да се чита без асоцијации и прашања во врска со „демократските револуции" кои го заплиснаа поголемиот дел на европскиот континент (сè до Русија), кои од политичката карта ги збришаа довчерашните авторитарни комунистички режими. Обидот за „демократска револуција" во Кина заврши на плоштадот Тјен Ан Мен под тенковите на кинеската армија, но сепак, „еволутивниот развој" на Кина доживува огромен сеопшт напредок и досега невиден економски бум во историски контекст.

---

[27] Ibid: стр. 59-114.

[28] Ibid: стр. 268.

## НОВИОТ БРАН „РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ТЕОРИИ“ – ТЕОРИИ ЗА РЕВОЛУЦИИТЕ

Поновите дела за теоријата на револуциите не направија некој позначаен „револуционерен скок“ во однос на претходно презентираните учења за револуциите. Новиот бран на „револуционерни теории“ се фокусира на истражувањето на карактеристичните проблеми преку потесно утврдени, детерминирани историски и компаративни студии. Така на пример Голдфранк го користи структуралниот модел на Скокпол за да го објасни потеклото на Мексиканската револуција. Абрајхамијан користи идентичен модел за да ја анализира револуцијата во Иран која изобилува со многу специфики во однос на претходните револуции.

Тримбергер ја прошири структуралната теорија за револуциите и изврши нејзина модификација со цел да ги опфати, односно да ги елаборира случаите на „еволуциите од внатре“. Во тој контекст како карактеристични примери ги потенцира настаните според кои Јапонија во 1868 година и Турција во 1921 година „прегрмеле“ распад на државата и ново градење на институциите. Значајно за овие „револуции од внатре“ е тоа што процесот на распадот на државата и конфликтот за власт траеле релативно кратко и биле без поголеми тектонски општествени потреси бидејќи во голем дел биле ограничени на елитите. Според нејзините тврдења, овој вид револуција на елитата првенствено се должи на состојбите во поширокото опкружување на државата, односно тоа е резултанта на притисокот што го вршат понапредните држави врз нивниот „систем во агонија“.

Во овие случаи, наместо структуралната слабост што ја потенцира Скокпол, постои високопрофесионална, сериозно елаборирана бирократска елита, сериозно посветена да и служи на власта, елита која има капацитети, но уште повеќе флексибилност да ги преструктуира (модернизира) институциите за успешно да се соочи и да ги амортизира сите облици на внатрешниот притисок – притисоци.

Во новиот бран на учења и расправи за револуциите неизбежни се и дебатите на Волф, Пејџ, Мигдал, Скот и Попкин околу утврдувањето на факторите што управуваат со селанското учество во револуциите. Во однос на оваа значајна проблематика нивните ставови во голема мера се разликуваат и опфаќаат еден поширок спектар на размислувања. Така на пример, Скот ја нагласува улогата на заедничката селанска култура, Пејџ се концентрира на економските односи како култиватори со земјопоседниците. Мигдал и Волф го потенцираат продорот на капиталистичките претпријатија и растот на

населението во селата, додека Попкин ги нагласува напорите на селаните да се здобијат со предност на штета на нивните соселани – многу значајни фактори со релативна важност во различни ситуации. Во целиот збир на анализирани фактори, сепак една работа-(сегмент) останува нејасна, односно недоволно објаснета: „привлечноста на комунистичкото движење за селаните не лежи во внатрешната привлечност на комунистичката идеологија“; наместо тоа, комунистичките партии биле поотворени за селанските идеали и пофлексибилни и поупорни во организирањето на селаните отколку пред коминистичките власти“.[29]

Руде за своите теоретски експликации ги проучувал полициските досиеја на револуционерните маси и констатирал дека тие не биле нерационални толпи како што тврдел Ле Бон, туку примарно ги сочинувале истакнати работници и занаетчии кои имале визија и јасна цел да ги заштитат своите економски интереси.

Понатамошните анализи и сознанија за работничките движење лансирани од Трагот, Калхаун и Аминзаде го покажуваат начинот на кои револуционерните движења добиваат сила од одбраната на трдаиционалните права на работниците.

За да се комплетира сликата за „револуциите однатре“, Рецаи и Филипс ги испитувале револуционерните лидери и утврдиле дека тие лидери всушност не се харизматични и не создаваат револуции; „наместо тоа револуционерните ситуации – државни распади и конфликти за државна власт им даваат простор на поединците кои веројатно инаку би имале традиционални професии, да прераснат во револуционерни улоги“.[30]

За разлика од тврдењата на Арент за револуциите, Скокпол, Екстејн, Валтон и Тарданико, проучувајќи ги долгорочните резултати од револуциите идентификувале многу фактори што влијаат врз овие резултати. Тие заклучуваат дека социјалистичките влади најчесто се појавуваат кога „економските ресурси се концентрирани во неколку центри на капитал, кога нивната мобилизација е голема и кога надворешните притисоци од капиталистичките земји се умерени; капиталистичките влади се најверојатни во спротивен случај“.[31]

Меѓутоа како што Кели и Клајн тврдат, „ниту социјалистичките, ниту капиталистичките револуции не можеле да ги намалат нееднаквостите на приходот или неможностите, освен за многу кра-

---

[29] Милер, Д. (2002). Блеквелова енциклопедија на политицката мисла. Скопје: МиАН, стр. 375.

[30] Ibid: стр. 375.

[31] Ibid: стр. 375.

ток период".[32] Според тоа, тенденциите за хиерархија очигледно се силни во сите општества, дури и во оние кои го искусиле „револуционерниот жар".

Кон крајот на последната декада на дваесеттиот век Имануел Волерстин во своето дело „Утопистика" ќе се обиде да докаже дека „таканаречените револуции"[33] сепак биле важен елемент во развојот на историјата на современиот светски систем затоа што промениле важни параметри во начините на кои светскиот систем се развивал како целина. Кога говори за Францускатa револуција, Волерстин потенцира дека таа ја отворила Пандорината кутија и ги покренала тежненијата на народите, нивните очекувања и надежи, коишто востановените власти и конзервативните и либералните не можеле да ги запрат.

Светската револуција од 1848 година, претставува приказна за стабилното подгревање на народните немири во разни видови и на разни места. Светската револуција (1848) или револуција на светскиот систем претставуваше неочекувано голем шок за сите на власт. „Деветнаесеттиот век не беше само век на народните барања за демократизација и век на појавата на либералната идеологија како најефикасен начин да се попречат тие барања".[34] Кога говори пак за Руската револуција, за нејзиното значење и влијание на глобален план, Волерстин истакнува „дека Руската револуција имала длабоко влијание на геокултурата, но на начин драстично поинаков од оној што го истакнува болшевичката теорија".[35]

„Поракатa на Руската револуција имала поинакво влијание врз светот на моќните нации, оној што скратено можеме да го наречеме паневропски свет, отколку на воневропскиот свет. Ретроспективно гледано, нема сомневање дека опасноста од помилитантен став на работничката класа во моќните нации, опасноста што ја симболизира светското комунистичко движење, го галванизираше актуелниот одговор на владеачките класи на овие земји. Резултатот беше значајно подигнување на влогот, што ќе биде неопходно во либералниот пакет за смирување на работничките класи на паневропските

[32] Ibid.

[33] Забелешка: Волерстин говори за „таканаречени револуции" бидејќи според неговото учење во државите вклучени во современиот светски систем немало револуции и дека тие, всушност, ниту биле можни, ако под револуција подразбираме промени кои ја трансформираат фундаменталната општествена структура и начинот на функционирање на државата за која се претпоставува дека доживеала револуција.

[34] Волерсти, И. (2002). Утопистика или историските избори на 21-иот век". Скопје: Темплум, стр. 24.

[35] Ibid: стр. 29.

земји. Тоа посебно доведе до проширување на компонентите што се однесуваат на држава со социјално осигурување за сите граѓани, особено по 1945-та, кога советската воена и политичка сила изгледаше мошне поголема. Без Руската револуција светот тешко дека ќе можеше да доживее таков вид паневропски кејнсијанизам каков што доживеавме ние“.[36]

„Лекцијата на Руската револуција за сите овие движења (националистички движења и бунтови во империјалните структури – Австро-Унгарија, Русија, Отоманското царство, но и на сличните движења во Азија-Кина, Индија, Филипини, Африка и Латинска Америка-Мексико – *забелешка на авторот*) беше таа дека вон европските земји (како што беше дефинирана и Русија од страна на овие движења) можат да постигнат ослободување од европската контрола, индустријализација и воена сила (посебно јасно изразени по Втората светска војна). Додека Француската револуција влеваше надеж и очекувања и ги зголемуваше стремежите на опасните класи во паневропскиот свет, Руската револуција влеваше надеж и очекувања и ги издигнуваше стремежите на опасните класи и вонневропскиот свет“.[37]

И покрај фактот дека Руската револуција исто како и Француската револуција не била успешна во целост, и покрај фактот за појавата на сеништата на сталинизмот, гулазите, Хрушчов и Горбачов и на крајот сломот на СССР и на комунистичката партија на СССР во 1991 година, сепак нивното влијание и придонес е огромен за радикалната промена на текот на историјата на човештвото во дадените историски епохи.

„Потеклото на т.н. револуционерни пресврти во современиот свет е тешко и спорно прашање, и јас прв сум спремен да признаам дека тие пресврти главно не претставуваат спонтани побуни на потлачените маси што бараат промена на светот, туку прилика – барем во почетокот – која ја грабнаа посебни групи во моментите на слом на државниот поредок (кому понекогаш и самите му придонесле). Како и да започнале овие револуции, траеле само оние што привлекле значајна народна поддршка“.[38] Значителната народна поддршка, морална и политичка, односно мобилизацијата на широките народни-револуционерни маси претставува еден од основните предуслови за успешно остварување на револуционерните цели и продолжување на нивниот век на траење.

---

[36] Ibid: стр. 29-30.
[37] Ibid: стр. 31.
[38] Ibid: стр. 10-11.

„Тоа не значи дека обичниот народ го поздравувал теророт во гулазите. Некои тоа го правеле, но многумина не. Некој ја давале својата поддршка знаејќи за теророт. Некои им давале поддршка на револуциите наспроти теророт. Многумина се убедија себеси дека не знаат за теророт. Но, тие навистина ги подржуваа револуциите, барем едно подолго време, затоа што револуциите влеваа надеж во ситуациите кои што им изгледале безнадежни, не само во времето пред револуциите, туку потенцијално безнадежни и по некоја контрареволуција“.[39]

Луѓето во предвечерието на револуциите навистина се обземени од ненадејно надоаѓање на надежта (дури и на големата надеж) која во потполност или делумно може да се трансформира во насока на поголема еднаквост помеѓу луѓето (надеж значајна за нив и за нивните деца) и во насока на поголема слобода и демократизација.

Во овој контекст, неопходно е да ги потенцираме и ефектите на светската револуција од 1968-та која доведе до уривање на либерализмот кој беше иницирaн од светската револуција во 1848-те, како потпирач на теокултурата на светскиот систем. И во 1968 година, се брзо се разгоре (се разбира многу поглобално отколку во 1948-та) и согоре речиси со иста брзина. Но, долгорочно гледано, ефектите беа погубни за системот.

Светот и се врати на вистинската тримодална идеолошка поделба. Трите децении после 1968-та значеа свртување на народната поддршка од традиционалните антисистемски движења (т.н. стари левици) во сите делови на светот каде што беа на власт, што всушност претставуваше голем дел од светот во 1970-ите.

Кулминација на овие пропусти, разочарувањето, изневерени очекувања и изгубени надежи од испуштањето на своето историско верување (и сето тоа после еден до два века постојана борба, страдање и крварење), беше спектакуларното ( и буквално без капка крв) уривање на комунизмот во Источна и Централна Европа и во некогашниот СССР.

„Новите револуции“ за целосно елиминирање на остатоците од поранешните комунистички структури на власт, продолжуваат и понатаму пред новокомпонираните „кадифени револуции“, „багер револуции“, „портокалови“ и други различно обоени револуции изведени во поранешните комунистички држави.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачковска*)

---

[39] Ibid: стр. 11-12.

## ЛИТЕРАТУРА

Маклин, М. (2002) Концизен оксфордски речник за политика.Скопје: МИ–АН.

Милер, Д. (2002).Блеквелова енциклопедија на политичката мисла. Скопје: МИ–АН.

Crane Brinton (1965). „The Anatomy of Revolution, revised and expanded edition“. New York: Randon House.

Smelser, N. (1963) Theory of Sollestive Behavour. New York: Free Pres.

Freeman. review Article: Theories of Revolution.

Huntington, S. (1968). Political Order in Changing Societies, New Havlen, Yale University Press.

Malecki, E.(1973). „Theories of Revolution and Industrialized Societies“, journal of politics 4.

Ecksteih, H.(1964).Ed. Internal War. New York: Free Press.

Barrington, M, Jr. (1966). Social Origins of Dictatorship and Demokracy. Lord and Pesant in the Making of the Modern World, Boston: Beacon Press.

Skocpol, T.(1979). States and Social Revolutions.Cambridge: Cambridge University Press.

Haralambos, M., Holborn, M. (2002). Sociologija, teme i perspektive. Zagreb: Golden Marketing.

Arendt, H.(1973). On revolution. Harmondsworth: Penguin Books.

Волерстин, И. (2002). „Утопистика или историските избори на 21-от век“. Скопје: Темплум.

Mitko KOTOVCEVSKI

# CONTEMPORARY THEORIES FOR REVOLUTIONS


## Summary

*This paper highlights the historical and scientific intersection of contemporary theories for revolutions. In our literature study for revolutions, their development and also for their significant historical challenges and consequences, were dominant attitudes of Marxism as Marx, Engel's and Lenin. With this scientific isolation, unjustified were excluded a great number of contemporary theories for revolution which throw a different light for this significant societal phenomenon in the past and presently.*

*The important new item and originality of this study is to present a new one and complex approach in tracing differences and relation between armed conflicts and other forms of violence from aspect of polemology studies.*

*In order to complete scan on this phenomenon, this paper present analysis for revolutions in the future, in fact, future of revolutions in contemporary international relations.*


***Keywords:*** *REVOLUTION, REVOLUTIONARY THEORIES, VIOLENCE, AND ARMED CONFLICTS.*